**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.07.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини, Зоран Фидановски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, (оправдано отсутен, годишен одмор), м-р Методија Јанчески, (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Весна Симоновска, Луција Ѓурковиќ, Милаим Абдураими, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски, ја отвори 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека на седницата нема да бидат присутни г-дин Фетаи и г-дин Јанчески бидејќи се на годишен одмор, а отсуството го најавиле по електронска пошта. Исто така, најави дека Точка бр.1 - Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година, ќе се одложи за пред почетокот на наредна седница, кога ќе има четири членови на Советот кои биле присутни на 25-та седница, за да може да се разгледа и да се стави на усвојување.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година.
3. Информација во врска со Изјава/Барање бр.04-3099/1 од 06.07.2017 година од работник за откажување на договор за вработување, со предлог - одлука.
4. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот, го одложи усвојувањето на предложениот записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.07.2017 година, за пред почетокот на наредната седница.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, отвори дискусија по Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година.

Г-дин Трајчевски, објасни дека предложените Квартални извештаи се направени согласно сугестиите што ги даде Советот на Агенцијата, на седницата кога се разгледуваа Кварталните извештаии за првиот квартал од 2017 година. Посочи дека во најголем дел од активностите и самите членови биле вкучени, така да предложи доколку има потреба може да им се одговори на прашања, за да не се прераскажува тоа што е напишано.

Г-дин Петрушевски, рече дека не очекувал да се образложи материјалот, затоа што членовите учествувале во работата во дадениот период. Рече дека би сакал да слушне дали некој има коментари, позитивни или негативни, бидејќи овде нема гласање, само се разгледуваат и доколку сака некој да додаде нешто и за целокупната работа на Агенцијата, но примарно е тоа што го пишува во Извештајот.

Г-дин Фиданоски, објасни дека ги разгледал предложените Квартални извештаи за работата на Агенцијата за периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година. За извештајот рече дека е исцрпен со нотирање на сите активности што ги имала Агенцијата во тој период. Со коментар се задржа на еден момент што го пишува во извештајот, а се однесуваше на програмскиот надзор над радиодифузерите кој е направен во периодот за кој се однесува овој квартален извештај. Според него, дали се работи за вонредни или редовни надзори, повеќето вонредни, покажува дека условно речено проблематични медиуми остануваат истите што беа проблематични во периодот за изборите кога имаше мониторинг и во 100-те дена пред избори. Прекршувањата на професионалните новинарски стандарди, потенцијален говор на омраза и дискриминација ги има кај неколку од медиумите, потенцира три, и тоа МРТ за настаните од 27 април 2017, ТВ Нова серија прекршувања кои се однесуваат за истиот ден и некои други моменти и кај ТВ Алфа каде е констатирана дискриминација односно елементи на говор на омраза. Кај сите други вонредни назори по доставени претставки, нема констатирано прекршување, односно се запазени основните професионални новинарски стандарди во подготвувањето на прилозите или во извештаите. Посочи дека поентата на неговата дискусија е дека сето ова покажува дека беше непотребен оној фамозен заклучок што беше усвоен од Советот за Годишниот извештај на работата на Агенцијата, дека сите медиуми се исти, дека сите медиуми се ставаат во ист кош што беа предмет на мониторинг на Агенцијата. Дополнителните надзори покажале дека сепак сите медиуми не се исти.

Г-дин Петрушевски, рече дека оваа дискусија со г-дин Фиданоски ја терaат како серијата градчето Пејтон, односно неколку месеци дискутираат на истата тема. Објасни дека не се согласува со неговото излагање во делот дека беше непотребно. Рече дека не е така како што тој тоа го толкува, дека сите медиуми биле исти, туку беше точно дека сите во некој период покажале одредена пристрасност. Тоа не значи дека било контируирано, еднаш да покажале, значи дека покажале. Во однос на Кварталните извештаи, рече дека има забелешки кои се наоѓаат на страна 10 и 11 од вкупниот

материјал, каде се презентирани четирите одлуки на Советот во врска со јавните конкурси за национални терестријални телевизии. Во содржината рече дека само е нотирано дека не се објавува јавен конкурс, додека причините зошто тоа е така направено, а се внесени во дописите, во одговорите до радиодифузерите, не се вметнати во Извештајот. Во таа насока препорача, во иднина кога ќе се прави целосниот извештај, причините според кои Советот ги донел овие одлуки, како што се кратките рокови, според кои Советот заклучил дека предлозите се противзаконски, да се вметнат за да биде по јасно објаснето. Сега причините зошто се донесоа тие одлуки не се вметнати во извештајот, односно дека одбивањето на Советот да ги прифати предлозите е последица на кратките рокови во Законот како што заклучиле, изборниот период и дека таа грешка е направена од тие причини. Во поглед на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година, го поздрави тоа што се работело минатиот период и го поддржа. При тоа потсети дека овој месец започна третиот квартал и дека треба да се размисли за јавната набавка за изработка на анализа за новите медиуми. Доколку, рече, се распишат локалните избори кои се предвидени за почетокот на месец август, вработените во Агенцијата ќе имаат премногу работни обврски. Ако се има сила и можност, рече дека би било добро до крајот на јули да се распише јавната набавка, бидејќи потоа ќе нема услови, затоа што ќе се започне со мониторингот. Добиените резултати од оваа анализа ќе бидат дел од Стратегијата. Објасни дека во планираните измени што се поврзани со Агенцијата, ЗААВМУ и Законот за медиуми, има предлози од повеќе страни. Иако има и други предлози да се размислува околу вклучувањето на новите медиуми во ЗААВМУ и Законот за медиуми поради оној проблем во Изборниот законик, каде што пишува дека треба Агенцијата и нив да ги мониторира, но сега е невозможно тоа и треба да се расчисти, или да се исфрли од Изборниот законик комплет или да се најде некое решение. Потсети дека многу пати рекол дека ова многу внимателно треба да се направи особено во поглед на слободата на изразување, посебно осетливо на интернет, а во иста насока како што рече, да не се правиме слепи и да не се дозволи бескрајно генерирање на говор на омраза на новите медиуми и лажни вести кои прво се пуштаат на интернет порталите и потоа традиционалните медиуми знаат да ги преземат и тоа е проблем. Зато рече, за ова не треба да се „мижи" и затоа оваа набавка треба да се започне веќе во текот на јули месец, ако има можности. Работата на Агенцијата во вториот квартал ја оцени како солидна.

Г-дин Фиданоски, рече дека неговата дискусијата ќе ја започне со една народна изрека која гласи „на нероден Петко капа да не му кроиме", односно додека не се видат законските измени, тој не би избрзувал во Стратегијата да се вметнуваат резултати и потреби или тоа што треба да се направи во правец на новите медиуми, како што рекол г-дин Петрушевски. Ајде, рече, прво да се почека дали тие ќе станат законска категорија, иако лично тој е противник на тоа, но не е тој што ќе ги носи решенијата во Законот, па потоа Агенцијата да види, да согледа, да анализира, што треба да се прави во врска со новите медиуми. Не сака да си наметнат обврски за нешто што не е потреба како законска материја. Тоа е едниот момент. За вториот момент кој го посочи, рече дека ќе се наврати на почетната дискусија, ставање на сите медиуми во ист кош. Се обрати до г-дин Петрушевски, и му рече дека не може да се третираат исто медиуми што според некого биле пристрасни макар еднаш и некои што континуирано ги прекршувале стандардите и продуцирале говор на омраза. И затоа, повтори, дека тој заклучок беше сосема непотребен.

Г-дин Петрушевски, рече дека нема да одговори, за да не се троши премногу време, бидејќи смета дека е јасно.

Г-дин Трајчев, во врска со интернет порталите кои беа тема на дискусијата, рече дека во моментот тие се законско решение и се опфатени со Изборниот законик. Тој проблем не може да се трга цело време, затоа што според Изборниот законик, Агенцијата има обврска да ги опфати и нив. Друго е прашањето, рече, што се немаа технички и оперативни можност, и затоа се донесе таков заклучок, но во основа Агенцијата има таква обврска. Ако добро се сеќава, на некои дискусии претходно кажале дека по завршување на изборите, ќе се направи една анализа и согледување за тоа кои се капацитетите на Агенцијата да го спроведе Изборниот законик доколку таа одредба остане. Доколку законодавецот го ставил и е обврска на Агенцијата, тоа треба да се почитува, се разбира доколку постојат технички можности и оперативно може да го изведе Агенцијата. Затоа се предложи да се направи една анализа за да се согледа какви се можностите во функција на спроведување на Законот. Друга е, рече, работата дали е потребно, не потребно, во кој правец ќе се развива и на кој начин ќе се постави регулативата во оваа сфера, но во овој момент тоа претставува законска обврска на Агенцијата, согласно Изборниот законик.

Г-дин Петрушевски, по завршување на дискусијата, рече дека останува на Агенцијата, Стручната служба и членовите на Советот, како ќе го прифатат она што е кажано сега и минатиот пат.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски отвори дискусија по предложената Информација во врска со Изјава/Барање бр.04-3099/1 од 06.07.2017 година од работник за откажување на договор за вработување, со предлог - одлука, предлог-спогодба и предлог-решение. Најави дека поради технички причини седницата не се пренесува во живо на интернет, со што ќе се испочитува моментот на заштита на личните податоци.

Г-дин Трајчевски, објасни дека работникот поднел Барање за раскинување на договорот за вработување. Неговиот став како Директор е изнесен со самиот факт дека ја потпишал спогодбата за раскинување на Договорот за вработување. Во врска со целата постапка на предметот, ја повика раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи да даде објаснување.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, објасни дека фактичката состојба со сите податоци се наведени во информацијата, почнувајќи од вработување на лицето во Агенцијата, неговото движење во службата, решенијата за дисциплински мерки што му биле изречени и исто така и информацијата дека се јавил на конкурс кој е распишан во Агенцијата за работно место. Како прилог се доставени и трите барања за заштита од вознемирување поднесени од вработениот. Предмет на точката е неговата изјава/барање за откажување на договорот за вработување каде наведува две алтернативи. Едната е откажување на договор во согласност со член 90 од Законот за работни односи, за спогодба со право за паричен надомест наместо отказен рок. Втората алтернатива е согласно член 88 од Законот за работни односи, да Агенцијата ја смета изјавата која што ја дал за откажување на договорот со минимален отказен рок од 30 дена. Околу овие алтернативи беше воспоставен контакт со инспекторатот. Посочи дека тие тоа секогаш го прават за да не биде оштетен ниту вработениот ниту организацијата во ниту една варијанта. Комуникацијата која се одвивала била околу пресметување на отказниот рок. Доколку се прифати првата алтернатива да се смета дека со отказен рок ќе си оди, тогаш тоа е денот кога ја дал изјавата, на 06.07.2017 ја дал, значи на 7 август. Втората варијанта е со спогодба која што работникот ја

прифатил, да му биде исплатен паричен надоместок и да замине без отказен рок. Во периодот до негово заминување тој треба да ги предаде сите средства со кои е задолжен. На крајот додаде дека во информацијата е наведена правната рамка за сето она што го образложила, вклучувајќи ги и предлог-документите за двете алтернативи.

Г-дин Петрушевски, рече дека според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според член 18, една од надлежностите на Советот е дека дава одобрување за донесување на одлуките на Директорот на Агенцијата, за располагање со имотот како и за вработување и отпуштање на вработените во Стручната служба на Агенцијата. Додека во Деловникот за работата на Агенцијата, во член 40 пишува дека во случај кога вработен во Стручната служба на Агенцијата поднел барање за откажување на Договорот за вработување, Директорот за тоа го известува Советот, кој само го констатира откажувањето на Договорот. Во овој случај, рече, јасна е работата, вработениот сам побарал прекинување на работниот однос, директорот го кажал неговиот став со тоа што е потпишана спогодбата помеѓу вработениот и Агенцијата која ја претставува Директорот. Во секој случај Советот мора да ја одобри одлуката и паричната надокнада, спогодбата за отказ. За другото Советот нема обврска да гласа и дискутира. Се изјасни, како што и минатиот пат кажал, дека му е непријатна ситуацијата со конфликтот кој што настанал и се навлезени вработениот со неговите колеги. Ова е храбро решение од страна на работникот што го поддржува, бидејќи мисли дека е подобро вака брзо и кратко да се реши, отколку да трае некоја агонија и неубава состојба и за вработениот е лошо и за институцијата. Му посака што побрзо си најде друга работа и да му оди подобро во смисла на успех во работата и од здравствени причини. Рече дека ќе ги поддржи двете одлуки, ќе гласа за одобрение за спогодбата за раскинување и решение за престанок на важноста на договорот. Во таа насока, го прочита предлог-заклучокот за наведената точка.

Г-дин Фиданоски побара уште еднаш, внимателно да го прочита заклучокот пред да се стави на гласање.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.04-3099/2 од 14.07.2017 година, во врска со Изјава/Барање бр.04-3099/1 од 06.07.2017 година, на работник за откажување на Договор за вработување и едногласно даде одобрување Директорот на Агенцијата:

- да ја склучи Спогодбата за раскинување на Договорот за вработување бр.04-713/1 од 28.01.2015 година, со Анекс бр.1 бр.04-7277/1 од 31.12.2015 година, која беше доставена во прилог на Информацијата како Прилог бр.14 и
- да го донесе Решението за престанок на важноста на Договорот за вработување бр.04-713/1 од 28.01.2015 година, со Анекс бр.1 бр.04-7277/1 од 31.12.2015 година, кое беше доставено во прилог на Информацијата како Прилог бр.15.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да го одјави работникот пред Агенција за вработување на Република Македонија – Центар за вработување на Град Скопје, заклучно со 20.07.2017 година (Образец М1/М2), од задолжителното социјално осигурување.

Точка 4

Г-дин Трајчевски, го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување на Трговско Радио-Дифузно Друштво Б-97

ДООЕЛ Битола. Објасни дека во месец април имале јавувања од општина Битола и од едно јавно претпријатие дека радиодифузерот не емитува програма на територијата на Битола. Според Закон, радиодифузерот треба најмалку 30 дена да не емитува програма за да му биде одземена дозволата. Бидејќи Агенцијата за таа состојба не поседувала материјален доказ од кога не емитува програма, со допис се обрати до АЕК, да изврши мерење, дали во рок од 30 дена во континуитет радиодифузерот не емитува програма. Минатата недела пристигна допис од АЕК, со одговор дека од периодот 23.05.2017 до 22.06.2017 Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, не емитувал програма, што претставува услов да се отпочне постапката за одземање на дозволата.

Г-дин Фиданоски, праша, иако Агенцијата нема законска обврска, но знае дека имало пракса во минатото, дали е контактирано со управителот лично, да се праша зошто не се емитува програмата и дали има некакво образложение од негова страна?

Г-дин Трајчевски, одговори дека до сега колку што има информации не е контактирано, бидејќи прво се чекаше мерењето од АЕК за да биде сигурен дека навистина радиодифузерот не емитува програма. По отпочнување на постапката, ќе биде контактиран сопственикот или директорот во зависност од можноста со кого ќе се стапи во контакт за да ги наведе причините за состојбата во која се наоѓа медиумот. При тоа рече дека може да се случи во овој период радиодифузерот да започне со емитување на програма.

Г-дин Петрушевски, ја замоли Стручната служба да стапи во контакт со сопственикот на медиумот, за да се увиди како планира во иднина да работи.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-329 од 14.07.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), по претходно доставено писмено известување дека Агенцијата ќе донесе одлука за одземање на дозволата.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да достави допис до Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, со кој ќе го извести радидифузерот дека доколку не го усогласи работењето со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и отпочне со емитување радио програма, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 5**

**Разно.**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3233/4**
**27.07.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**